Macedonian | Македонски

# Вистинска помош. Токму сега.



## Парична поддршка од 100 долари за заштеда на енергија: Програма за теренска поддршка на заедницата

Помош преку телефон и лично за носителите на картичка за попусти (concession card) при поднесување на барање за паричната поддршка од 100 долари за заштеда на енергија е достапна преку нашата Програмата за теренска поддршка на заедницата (Community Outreach Program).

### Парична поддршка од 100 долари за заштеда на енергија

Паричната поддршка за заштеда на енергија е исплата од 100 долари што обезбедува вистинска помош за справување со трошоците за живот и намалување на сметките за енергија за жителите на Викторија на кои им е потребна помош. Домаќинствата во Викторија со важечка картичка за попусти можат да ја посетат веб-страницата Victorian Energy Compare – compare.energy.vic.gov.au – за да поднесат барање онлајн или да го направат тоа преку Програмата за теренска поддршка на заедницата.

### Програма за теренска поддршка на заедницата

Носителите на картичка за попусти на кои им е потребна помош за да поднесат барање за исплатата од 100 долари можат да добијат поддршка преку телефон или лично преку Програмата за теренска поддршка на заедницата.

Домаќинствата што ги исполнуваат условите можат да се јават на **1800 000 832** да поднесат барање за нивната парична поддршка од 100 долари за заштеда на енергија преку телефон или да бидат поврзани со организација-партнер во програмата за теренска поддршка на заедницата во нивното подрачје.

### Услови

За да ги исполнуваат условите, домаќинствата ќе треба:

- Да имаат неодамнешна сметка за потрошена струја за домаќинството
- Да поседуваат една од следните картички за попуст:
  - Здравствена картичка (Health Care Card)
  - Пензионерска картичка за попусти (Pensioner Concession Card)
  - Пензионерска картичка за попусти од Министерството за воени ветерани (Veterans' Affairs Pensioner Concession Card)
  - Златна картичка на Министерството за воени ветерани (Veterans' Affairs Gold Card).

Се доделува само една исплата по домаќинство.



**За да поднесете барање за паричната поддршка од 100 долари за заштеда на енергија, посетете ја веб-страницата compare.energy.vic.gov.au**, или поднесете го барањето преку телефон или лично преку Програмата за теренска поддршка на заедницата.

VICTORIAN ENERGY COMPARE

VICTORIA State Government

# **Вистинска помош**. Токму сега.

## Како работи програмата

1. Проверете дали ги исполнувате условите за паричната поддршка од 100 долари за заштеда на енергија.
2. Подгответе ги следните документи:
   - примерок од неодамнешна сметка за струја
   - важечка картичка за попусти
   - вашата возачка дозвола или Medicare картичка*

   Ќе треба да наведете податоци од овие документи кои го потврдуваат вашиот идентитет и дека ги исполнувате условите.
3. Контактирајте една од организациите во заедницата наведени на оваа страница за да поднесете барање преку телефон или лично.
4. Доколку се одобри вашето барање, ќе ви испратиме 100 долари.

### Важечки картички за попусти




*Се прифаќаат и Immicard и австралиска виза

## Ви треба помош при поднесување на барање за вашата исплата од 100 долари?

### Поддршка по телефон

Телефонска линија за информации на Victorian Energy Compare – 1800 000 832

Телефонската линија за информации на Victorian Energy Compare им помага на бизнисите и домаќинствата во Викторија да ја користат веб-страницата Victorian Energy Compare за да ја најдат најдобрата понуда за енергија за нив. На телефонската линија, исто така, може да се добијат информации и совети за паричната поддршка од 100 долари за заштеда на енергија, вклучувајќи директна помош за домаќинствата што ги исполнуваат условите да поднесат барање преку телефон.

### Лична поддршка

Neighbourhood Houses Victoria – пронајдете центар што учествува во програмата во ваша близина така што ќе се јавите на 1800 000 832 или ќе ја посетите веб-страницата compare.energy.vic.gov.au/psb-outreach

Neighbourhood Houses се локални организации базирани во заедницата, во кои се ангажирани посветени доброволци кои нудат низа социјални, образовни, рекреативни и активности за поддршка на луѓе од сите возрасти, способности и потекла.

## Имате проблеми со плаќањето на сметките за енергија?

Преку Програмата за помош со сметки за енергија (Energy Assistance Program) се нудат бесплатни услуги преку телефон, во партнерство со Anglicare Victoria, кои можат да ви помогнат да заштедите пари на сметките за енергија. Програмата е достапна за домаќинства со ниски приходи или за оние кои имаат потешкотии со плаќањето на сметките за енергија.

Програмата може да обезбеди индивидуална помош за:

- поднесување на барања за попусти и грантови
- пристап до програми за финансиска помош од вашиот снабдувач со енергија
- наоѓање, споредба и премин на подобри понуди за енергија
- разбирање на сметките за енергија и исправување на грешки во пресметката
- заштеда на енергија во домот
- пристап до услуги како што е финансиско советување.



За да добиете помош околу сметките за енергија, јавете се на 1800 161 215 од понеделник до петок од 9 ч. наутро до 5 ч. попладне (освен за време на државни празници).

© Министерство за енергетика, животна средина и дејствија за климатски промени на државата Викторија, август 2025 година

**ISBN** 978-1-76176-494-3 **(Print)**
**ISBN** 978-1-76176-495-0 **(pdf/online/MS word)**

**Одрекување од одговорност**
Оваа публикација може да ви биде од корист, но државата Викторија и нејзините вработени не даваат гаранција дека публикацијата е без какви било недостатоци или дека е целосно соодветна за вашите конкретни цели, и затоа се оградуваат од секаква одговорност за какви било грешки, загуба или други последици кои можат да произлезат од повикувањето на информации во оваа публикација.

За помош на други јазици, јавете се на Службата за писмено и усно преведување (TIS) на 131 450.

VICTORIA State Government